ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
До: МЕДИУМИТЕ
Дата: 03.02.2010

# СООПШТЕНИЕ ДО МЕДИУМИТЕ

## Контроли на боледувања на осигуреници и изречени санкции во 2010 година

Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) ја информира јавноста за следново:

Од страна на ФЗОМ во текот на 2010 година извршени се **302 контроли** на боледувања. Од кои 131 контрола на боледувања се извршени од страна на одделението за мобилна и дежурна контрола при ФЗОМ. Во контролираните здравствени установи од мобилната и дежурна контрола констатирани се неправилности во 33 извршени контроли т.е кај 39% од контролираните здравствени установи:

- Во 14 не е запазен критериумот за дијагностички минимум при издавање на боледување.
- Во 7 не е исполнет критериумот за апсолутна и релативна спреченост на работа.
- Во 12 е констатирана неуредна медицинска евиденција.

За периодот 2010 година по основ контрола на боледувања казнети се 13 здравствени установи по констатирани неправилности додека на 20 здравствени установи им е изречена опомена за отклонување на неправилност:

- Со договорна казна раскунување на договорот за ретроградно издрадено боледување 3 здравствени установи.
- Со договорна казна од една месечна капитација во фиксен дел 1 здравствена установа.
- Со договорна казна од пола месечна капитација во фиксен дел 3 здравствени установи.
- За 6 здравствени установи од изречена е договорна казна и во тек е административна постапка за известување.

Поради процентот на констатирани неправилности во здравствените установи за горенаведените категории, на 27.01.2010 Владата на Р.Македонија даде согласност за вработување на 18 лица( доктори) со цел зајакнување на капацитетите на ФЗОМ во делот на : одделението за мобилна и дежурна контрола, одделението за внатрешната конрола и лекарските комисии за оценка на спреченост на работа на ФЗОМ.

Бранко Аџигогов
Портпарол